**Народна банка на Република Македонија**

ДИРЕКЦИЈА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ

# Месечна информација
# 08/2011

септември, 2011 година

**Резиме**

**Последните расположливи макроекономски податоци упатуваат на релативно поволен амбиент за спроведување на монетарната политика.** Имено, општото ниво на цените во економијата веќе четири месеци по ред бележи намалување на месечна основа, коешто во август 2011 година изнесува 0,1%, под влијание на падот на цените на овошјето, зеленчукот и ПТТ-услугите. **Годишната стапка на инфлација продолжи да забавува и изнесуваше 3,6% во август,** упатувајќи на побрзо надолно прилагодување од очекуваното за третиот квартал од годината (годишен раст од 4,4% во третиот квартал, според јулската проекција). Во периодот јануари-август 2011 година, просечната годишна стапка на инфлација изнесува 4,2%, а **просечната базична стапка на инфлација** и натаму се одржува на нивото од 1,1% (1,2% годишно, во август), што е во прилог на оцените за привремен и контролиран раст на цените. Девизните резерви и понатаму се одржуваат на соодветно ниво, остварувајќи збирен раст во однос на крајот на 2010 година. Сепак, ризиците за монетарната политика и натаму не се исцрпени, а потекнуваат од неизвесноста поврзана со глобалната економија, особено проблемите во евро-зоната, што наметнува потреба од внимателност при водењето на монетарната политика. Оттука, **во текот на август 2011 година, НБРМ ја задржа основната каматна стапка непроменета на нивото од 4%.**

Според најновите податоци, **БДП во второто тримесечје на 2011 година оствари реален годишен раст од 5,3%[1], којшто е нешто повисок од очекувањата со јулските проекции (4,3%).** Гледано од аспект на создавањето на БДП, **растот на економијата е предизвикан од градежништвото, трговијата и индустријата**, како сектори коишто имаат највисоки стапки на реален раст (26%, 18% и 12,8%, соодветно). Од аспект на расходните компоненти на БДП, во услови на реален пад на бруто-инвестициите (-7,5%) и јавната потрошувачка (-0,6%), како и минимален позитивен придонес на нето-извозот, **растот на економијата во вториот квартал речиси во целост е предизвикан од личната потрошувачка**, којашто бележи висок реален раст (8,4%).

**Со оглед на ограничениот број на расположливи високофреквентни податоци за економската активност и агрегатната побарувачка за третиот квартал, сè уште е рано да се даде прецизна оценка за движењето на економијата во анализираниот период. Физичкиот обем на индустриското производство** во јули е повисок за 5,5% на годишна основа (наспроти падот од 1,8% во јуни), а просечната искористеност на производствените капацитети достигна 61,3% (58,3% во јуни). Растот во индустријата е предизвикан од зголеменото производството на електрична опрема и тутун, во услови на закрепнување на производството на енергија, коешто во јули има значително помал негативен придонес во однос на јунските остварувања. Сепак, намалениот извоз на енергија и на стоки за широка потрошувачка услови годишен пад на **извозот на стоки** во јули (за 3,2%), за првпат од почетокот на 2010 година. Притоа, намалениот увоз на возила, како и забавениот раст на увозот на стоки за широка потрошувачка и интермедијарни производи во најголем дел придонесоа за натамошно забавување на растот на **увозот на стоки** (од 8,2% во јуни, на 7,7% во јули). **Од аспект на индикативните категории на агрегатната побарувачка,** падот на државните капитални инвестиции, како и

[1] Првични процени на Државниот завод за статистика.

малиот годишен раст на увозот на средства за работа во јули и забавениот раст на кредитите на претпријатијата во периодот јули-август засега се во прилог на очекувањата за умерен раст на **инвестициите** во текот на третиот квартал. Од друга страна, реалниот раст на кредитите на секторот „население" продолжува и во периодот јули-август, со забрзана динамика, што засега е во прилог на очекувањата за раст на **личната потрошувачка** и во третиот квартал на годината.

Според најновите податоци за билансот на плаќања, **во второто тримесечје на 2011 година беше остварен дефицит во тековната сметка на билансот на плаќања од 49,2 милиона евра, или 0,6% од БДП,** што претставува мало стеснување од 0,1 п.п. од БДП, на годишна основа. Ваквото движење во тековната сметка се должи на подобрите остварувања кај речиси сите компоненти на тековната сметка (подобрено салдо кај размената на стоки и услуги и помал дефицит кај доходот), со исклучок на тековните трансфери коишто забележаа годишен пад. Во однос на јулската проекција, дефицитот на тековната сметка во вториот квартал е понизок за 0,3 п.п. од БДП од проектираниот, што главно се должи на повисокиот остварен суфицит кај услугите од очекуваниот. Во рамките на **капиталната и финансиска сметка,** беа забележани **нето-приливи во износ од 3,4 милиони евра, или 0,04% од БДП**. **Во третото тримесечје се очекува суфицит во тековната сметка од 0,6% од БДП.** Најновите податоци од надворешниот сектор покажуваат дивергентни движења. Извозот во јули е нешто понизок од очекуваниот, но сепак се остварени повисоки нето-приливи на менувачкиот пазар. Имено, при стабилни очекувања за инфлацијата и девизниот курс, нето-откупот на девизи на менувачкиот пазар во периодот јули-август 2011 година изнесува 243 милиони евра, што претставува 86% од проектираниот износ за третиот квартал. На 31.08.2011 година, **бруто девизните резерви** изнесуваа 1.843,5 милиони евра и во однос на крајот на претходната година се повисоки за 129 милиони евра.

Во август 2011 година е забележано умерено забавување на годишниот раст на штедењето и кредитирањето на приватниот сектор. Така, **вкупните депозити во август беа повисоки за 12,4% на годишна основа (13,9% во јули)**, главно поради поумерениот годишен раст на депозитите во домашна валута (главно кај секторот „претпријатија"). Сепак, остварувањата кај депозитите се во согласност со јулските проекции за годишен раст на депозитите од 12,2% на крајот на третиот квартал. **Годишната стапка на раст на вкупните кредити на банките во август 2011 година изнесуваше 7,9% (8,7% во јули).** Притоа, трендот на умерено зголемување на придонесот на секторот „домаќинства" кон годишниот пораст на вкупните кредити продолжува и во август, иако секторот „претпријатија" и натаму има најголем придонес (62%). Според јулските проекции, до крајот на третиот квартал се очекува засилување на растот на кредитите на банките кон приватниот сектор (10%, на годишна основа).

**Непроменета поставеност на монетарната политика во август...**




Извор: НБРМ.

Основната каматна стапка на НБРМ во август се задржа на непроменето ниво од 4%.

**...при натамошно намалување на цените на месечна основа...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Домашните цени веќе четврти месец по ред бележат намалување на месечна основа, што доведе до натамошно забавување на годишната инфлација. Базичната инфлација и натаму се одржува на ниско и стабилно ниво.

**...и одржување соодветно ниво на девизните резерви**




Извор:НБРМ.

На крајот на август, девизните резерви изнесуваа 1.843,5 милиони евра, обезбедувајќи покриеност на увозот на стоки и услуги од следната година од околу четири месеци.

**Во август продолжува забавувањето на домашната инфлација на годишна основа ...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Минималното месечно намалување на потрошувачките цени во август главно се должи на пониските цени на храната (свежо овошје и зеленчук) и на ПТТ-услугите, при истовремен пораст на цените на енергијата[2]. Годишната стапка на инфлација забави и се сведе на 3,6%, главно заради забавувањето на годишниот раст на цените на храната.

**... а годишната инфлација во евро-зоната остана непроменета**




Извор: Евростат. * претходен податок

Годишната стапка на инфлација во евро-зоната во август се задржа на нивото од јули (2,5%), исто како и годишната стапка на базична инфлација (1,5%).

**Натамошно зголемување на цената на нафтата на светските берзи во првата половина на септември**




Извор: Управа за информации за енергетиката (The Energy Information Administration) - статистичка агенција на Министерството за енергетика на САД и НБРМ.

Просечната цена на суровата нафта во август изнесуваше 110,1 САД-долари за барел (месечен пад од 5,8%). Од 1 до 20 септември цените на нафтата на светските берзи во просек се одржуваат на нивото од 115,3 САД-долари за барел. На 12.09.2011 година, РКЕ донесе одлука за зголемување на малопродажните цени на нафтените деривати за 3,9%[3].

---

[2] Од 1. август беше зголемена цената на топлинската енергија за 3,13%, а од 10. август беше извршено враќање на акцизата на нафтените деривати врз основа на истекувањето на времената одлука за нејзино намалување. Двете промени се засноваат врз одлуки донесени од РКЕ.

[3] Зголемувањето произлегува од растот на цената на суровата нафта на светски берзи (4,8%), а во помал дел и од депрецијацијата на денарот во однос на САД-доларот (0,7%).

**Падот кај реалната плата во економијата забавува во јуни**




Извор: ДЗС.

Во јуни е забележано номинално месечно и годишно зголемување на нето-платата (од 0,8% и 3,4%, соодветно), при највисок раст кај дејноста „информации и комуникации." Реалниот годишен пад на просечната нето-плата значително забавува и изнесува 0,7% (4,3% во мај), при пад на платите кај поголем дел од дејностите.

**Производството во индустријата во јули се врати во зоната на позитивни стапки на годишен раст...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Во јули 2011 година, индустриското производство забележа годишен раст од 5,5% (наспроти падот во претходниот месец), при висок месечен пораст од 8,6% (односно 3,0% на сезонски прилагодена основа).

**... при најголем придонес на производството на електрична опрема, тутунски производи и на останата транспортна опрема**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Годишниот раст е резултат на зголеменото производство кај повеќе од половина од гранките, коишто сочинуваат околу 64% од индексот. Најголем позитивен придонес имаат производството на електрична опрема, тутунски производи и на останата транспортна опрема, во услови на постепено исцрпување на негативниот придонес на производството на енергија.

**Очекувањата на компаниите за производството во следните три месеци се речиси идентични со оние од јуни**




Извор: ДЗС.

При тековна поголема искористеност на капацитетите, сепак во јули очекувањата на раководителите од индустријата за следните три месеци се речиси на ниво од претходниот месец, при понеповолни очекувања за бројот на вработените.

**Кај останатите сектори од економијата, позитивната динамика продолжува и во јуни...**




Извор: ДЗС.

Останатите сектори од економијата во јуни бележат забрзување на годишната динамика на раст, при највисок раст кај вредноста на извршените градежни работи.

**... така што во вториот квартал на 2011 година, реален раст бележат сите сектори, а највисок градежништвото...**




Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

Во вториот квартал на 2011 година, споменатите сектори бележат реален раст на годишна основа. Притоа, вредноста на извршените градежни работи бележи поумерен раст во однос на претходниот квартал, додека трговијата на мало бележи значително забавување на растот. Умерено забрзување е забележано кај растот на телекомуникациите, како и закрепнување на трговијата на големо по падот во првиот квартал.

**...за кое се очекува дека ќе го задржи растот и во наредниот период**




Извор: ДЗС.

Во јули 2011 година вкупната вредност на издадените одобренија за градење повторно оствари висок раст, при најголем придонес на високоградбата.

Оскудноста на расположливите податоци за индикативните категории за агрегатната побарувачка оневозможува попрецизна оценка за движењата на економијата во третото тримесечје[4].

[4] Види прилог табели број 6, 7 и 8.

**Во јуни е забележан дефицит на тековната сметка...**




Извор:НБРМ.

Во јуни, дефицитот на тековната сметка изнесуваше 12,5 милиони евра и бележи зголемување на годишна основа, наспроти подобрувањето на салдото во претходните два месеца.

**... што произлегува од пониските тековни трансфери ...**




Извор: НБРМ.

Влошувањето на дефицитот се должи на пониските тековни трансфери, додека останатите компоненти на тековната сметка (трговското салдо, услугите и доходот) делумно го неутрализираа овој ефект.

**...додека во капитално-финансиската сметка се забележани нето-одливи...**




Извор:НБРМ.

Воедно, во капитално-финансиската сметка втор месец по ред се забележани нето-одливи коишто изнесуваа 27,3 милиони евра.

**... што најмногу се должи на директните инвестиции и валутите и депозитите**




Извор: НБРМ.

Капиталните нето-одливи се однесуваат пред сè на директните инвестиции (отплата на обврски врз основа на меѓукомпаниски долг) и на валутите и депозитите, а потоа и на портфолио-инвестициите, додека врз основа на заеми и трговски кредити беа забележани нето-приливи.

**Во јули, дефицитот во размената на стоки бележи проширување на годишна основа...**




Извор:ДЗС.

Трговскиот дефицит во јули забележа продлабочување од 35,2 милиона евра, на годишна основа.

**...што главно се должи на негативната годишна промена на извозот...**




Извор:ДЗС.

Во јули е забележано годишно намалување на извозот на стоки од 3,2% (за првпат од јануари 2010 година наваму), по забавувањето на годишната стапка на раст, што започна од мај оваа година. Од друга страна, увозот бележи раст на годишна основа од 7,7%, којшто и натаму има забавена динамика.

**...намалувањето на извозот произлегува од енергијата и стоките за широка потрошувачка...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Падот на извозот на годишна основа се должи на негативниот придонес на стоките за широка потрошувачка и енергијата, додека раст е остварен кај извозот на интермедијарните и капиталните производи.

**...додека растот на увозот продолжува, но со забавена динамика...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Намалениот увоз на возила, како и забавениот раст на увозот на стоки за широка потрошувачка и интермедијарни производи во најголем дел придонесоа за натамошно забавување на растот на увозот на стоки.

**... при мали промени кај РЕДК...**




Извор: НБРМ.

Кај показателите за ценовната конкурентност на македонската економија во јули не беа забележани поголеми поместувања на годишна основа. РЕДК мерен според трошоците на животот апрецира незначително (0,2%), додека РЕДК мерен според индексот на цените на производителите апрецира со забавено темпо (0,4%).

**... во услови на апрецијација на НЕДК на годишна основа**




Извор:НБРМ.

Во јули, индексот на НЕДК забележа блага апрецијација во споредба со истиот месец од претходната година (0,8%), главно заради апрецијацијата на денарот во однос на турската лира, додека релативните цени пресметани според двата ценовни индекса забележаа пад.

**Зголемен нето-откуп на менувачкиот пазар во август...**




Извор:НБРМ.

Продолжуваат позитивните движења на менувачкиот пазар. Нето-откупот на менувачкиот пазар втор месец по ред бележи позитивна стапка на годишен раст, којашто во август достигна 13,8%. На збирна основа, нето-откупот на менувачкиот пазар е понизок за 3,4%, во споредба со истиот период од претходната година, кога беше остварен историски највисок нето-откуп на девизи.

**...во услови на зголемена понуда на девизи**




Извор:НБРМ.

Кај понудата и побарувачката на девизи во текот на август беше забележан раст на годишна основа, при што во апсолутни износи растот на понудата го надмина растот на побарувачката.

**Збирен раст на девизните резерви од почетокот на годината...**




Извор:НБРМ.

Од почетокот на годината до крајот на август, бруто девизните резерви бележат збирен раст од 129 милиони евра.

**...главно заради задолжувањето на државата кај ММФ**




Извор:НБРМ

Растот на девизните резерви во најголем дел се должи на средствата од кредитната линија за претпазливост на ММФ повлечени од страна на државата, а потоа и на позитивните валутни промени и промени на цената на златото.

**Годишниот раст на примарните пари во август со забавена динамика...**




Годишниот раст на примарните пари во август забави на годишна основа (6,1%), при поумерена динамика на раст на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек, во однос на претходниот месец.

**... на месечна основа е остварен пад, при што благајничките записи на НБРМ се главниот тек на креирање примарни пари**




Примарните пари бележат пад на месечна основа, наспроти растот во претходниот месец. Во насока на повлекување примарни пари делуваа трансакциите на државата, додека девизните трансакции на НБРМ со банките-поддржувачи и инструментите на НБРМ (благајнички записи, репо-трансакции и запис за шестмесечен депозит) претставуваа тек на креирање примарни пари.

**Годишниот раст на депозитите во август со поумерена динамика...**




Во август, годишниот раст на вкупните депозити (со вклучени депозитни пари)[5] забавува и изнесува 12,4%, по значителното засилување од 13,9% во претходниот месец (како комбиниран ефект од посилниот раст на новото штедење на месечна основа и базниот ефект[6]).

[5] Почнувајќи од јануари 2009 година, депозитите вклучуваат и пресметана камата.

[6] Во јули 2010 година вкупните депозити се намалија за 4.064 милиони денари на месечна основа заради исплата на дивиденда од страна на една поголема домашна компанија.

**...од валутен аспект, растот и натаму во поголем дел е предизвикан од растот на депозитите во домашна валута...**




Позначителен придонес во годишниот раст на вкупните депозити и понатаму имаат денарските депозити, при поизразено намалување на нивниот придонес во однос на намалувањето на придонесот на девизните депозити.

**...од секторски аспект, новото штедење на годишна основа главно произлегува од секторот „домаќинства"...**




Извор: НБРМ.

Растот на вкупните депозити најмногу произлегува од зголеменото штедење на домаќинствата, при забележан умерен придонес и од страна на депозитите на претпријатијата од приватниот сектор.

**...од рочен аспект, позначителен е придонесот на краткорочните депозити**




Извор: НБРМ

Позначителен придонес во годишниот раст на вкупните депозити и понатаму имаат краткорочните депозити, при поизразено намалување на нивниот придонес во однос на придонесот на долгорочните депозити.

**Годишниот раст на најшироката парична маса со поумерена динамика во август...**




Извор: НБРМ.

Забавување на годишниот раст во август е забележано кај сите монетарни агрегати.

**...главно како резултат на забавениот раст на краткорочните депозити и депозитните пари**




Извор: НБРМ.

Забавувањето на стапката на раст на М4 во август во најголем дел произлегува од намалениот придонес на краткорочните депозити и депозитните пари, при што придонесот на останатите компоненти е сè уште претежно стабилен.

**Забавување на годишниот раст на вкупните кредити...**




Извор: НБРМ.

Во август, годишниот раст на вкупните кредити забави и изнесува 7,9% (8,7% во јули), наспроти нагорниот тренд на движење на годишната стапка на раст карактеристичен за претходните три месеци.

**...од валутен аспект, растот во најголем дел е предизвикан од девизните кредити...**




Извор: НБРМ.

Од аспект на придонесот во годишниот раст на вкупните кредити, девизното кредитирање и понатаму е најзастапено, при забележано намалување на позитивниот придонес на денарските кредити.

**...од секторски аспект, корпоративните кредити и понатаму со најголема улога во годишниот раст на вкупните кредити...**




Извор: НБРМ.

Од аспект на придонесот на двата главни сектора, годишниот раст на вкупните кредити и понатаму во најголем дел се должи на растот на корпоративните кредити, но сепак, нивниот позитивен придонес повторно бележи намалување.

**...од рочен аспект, пораст на вкупните кредити што во целост се должи на долгорочните кредити**




Извор: НБРМ.

Во август продолжува трендот на најголем придонес на долгорочните кредити во годишниот раст на вкупните кредити, при негативен годишен придонес на краткорочните кредити во последните шест месеци.

**Намалување на односот помеѓу кредитите и депозитите**




Извор: НБРМ.

Во август е забележано натамошно намалување на односот помеѓу кредитите и депозитите, како резултат на посилен раст на депозитите во однос на кредитите. Ваквото движење на показателот укажува на помала искористеност на депозитниот потенцијал за кредитирање од страна на банките во август и постоење на простор за поголема кредитна активност во наредниот период.

**Месечен раст на каматните стапки на меѓубанкарскиот пазар на депозити во јули**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на меѓубанкарскиот пазар на депозити покажуваат тенденција на месечно зголемување, при непроменета основна каматна стапка на НБРМ. Исклучок на ваквите движења е каматната стапка СКИБОР којашто забележува месечен пад кај сите рочности, со исклучок на рочноста од една недела, каде што не е забележана промена во однос на претходниот месец.

**Намалување на вкупната денарска пасивна каматна стапка во јули и раст на активната каматна стапка...**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на вкупните денарски кредити во јули забележаа умерен раст со што се вратија на нивото карактеристично за периодот март-мај. Кај каматните стапки на вкупните денарски депозити е забележан месечен пад, што е во согласност со тенденцијата од претходните два месеца.

**...при намалување на вкупната девизна пасивна каматна стапка и раст на девизната активна каматна стапка**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на девизните кредити и депозити во јули имаа иста насока на движење како и денарските каматни стапки. Така, намалување забележа девизната пасивна каматна стапка, додека раст, за прв пат од јули 2010 година, е забележан кај девизната активна каматна стапка.

**Раст на каматната стапка на новоодобрените денарски кредити...**




Извор: НБРМ

Во јули е забележан месечен раст на каматната стапка на новоодобрените денарски кредити, додека каматната стапка на новопримените денарски депозити се задржа на нивото од претходниот месец.

**...при пад на каматната стапка на новоодобрените девизни кредити**




Извор: НБРМ

Каматната стапка на новоодобрените девизни кредити бележи пад на месечна основа, при непроменето ниво на каматната стапка на новоодобрените девизни депозити во последните четири месеци.

# СТАТИСТИЧКИ ПРИЛОГ

Табела 1

## ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ - ИНФЛАЦИЈА И НЕЈЗИНИТЕ КОМПОНЕНТИ

| | VIII.2011 / VII.2011 | VIII.2011 / VIII.2010 | I-VIII.2011 / I-VIII.2010 | VIII.2011 / VII.2011 | VIII.2011 / VIII.2010 | I-VIII.2011 / I-VIII.2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *промена во %* | | | *придонес во процентни поени* | | |
| **Вкупно** | ***-0,1*** | ***3,6*** | ***4,2*** | ***-0,1*** | ***3,6*** | ***4,2*** |
| **Исхрана** | **-0,5** | **5,6** | **7,3** | **-0,2** | **2,1** | **2,8** |
| Производи од жито | -0,1 | 13,0 | 12,1 | 0,0 | 0,8 | 0,8 |
| Свеж и преработен зеленчук | -2,0 | -2,0 | 3,2 | -0,1 | -0,1 | 0,2 |
| Свежо и преработено овошје | -8,8 | -5,5 | 8,8 | -0,3 | -0,2 | 0,2 |
| Свежо и преработено месо | 0,4 | 3,5 | 2,4 | 0,0 | 0,3 | 0,2 |
| Свежа и преработена риба | 1,1 | 3,0 | 1,6 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Свежо и преработено млеко | -0,1 | 4,0 | 3,5 | 0,0 | 0,2 | 0,2 |
| Свежи јајца | 1,7 | 12,5 | 11,4 | 0,0 | 0,1 | 0,1 |
| Маснотии | 5,5 | 27,5 | 37,3 | 0,1 | 0,5 | 0,6 |
| **Тутун и пијалаци** | **0,0** | **1,1** | **1,1** | **0,0** | **0,1** | **0,1** |
| **Облека и обувки** | **-0,4** | **1,4** | **1,3** | **0,0** | **0,1** | **0,1** |
| **Домување** | **0,2** | **3,9** | **3,7** | **0,0** | **0,7** | **0,6** |
| Стан (станарина, вода, услуги) | -0,2 | 6,5 | 6,5 | 0,0 | 0,2 | 0,2 |
| Огрев и осветление | 0,3 | 4,8 | 4,6 | 0,0 | 0,5 | 0,5 |
| Греење и услуги | 0,9 | 3,6 | 5,6 | 0,0 | 0,1 | 0,2 |
| Електрична енергија и осветлување | 0,0 | 5,4 | 4,1 | 0,0 | 0,4 | 0,3 |
| **Хигиена и здравје** | **0,4** | **4,1** | **2,8** | **0,0** | **0,3** | **0,2** |
| **Култура и разонода** | **1,1** | **-1,7** | **-1,8** | **0,0** | **-0,1** | **-0,1** |
| **Сообраќајни средства и услуги** | **0,1** | **2,4** | **3,4** | **0,0** | **0,3** | **0,4** |
| Течни горива и масла | 4,0 | 13,0 | 13,3 | 0,1 | 0,5 | 0,5 |
| Сообраќајни и птт услуги | -3,2 | -3,5 | -0,1 | -0,2 | -0,2 | 0,0 |
| **Ресторани и хотели** | **-0,1** | **1,6** | **1,5** | **0,0** | **0,1** | **0,1** |
| **Останати услуги неспомнати на друго место** | **0,0** | **2,1** | **-0,8** | **0,0** | **0,0** | **0,0** |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Табела 2

## ИНФЛАЦИЈА, ПРОДУКТИВНОСТ И ПЛАТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 Кв.1 | 2010 Кв.2 | 2010 Кв.3 | 2010 Кв.4 | 2011 Кв.1 | 2011 Кв.2 | последни месеци јун 11 | јул 11 | авг 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | |
| Инфлација (CPI) | 8,3 | -0,8 | 1,6 | 0,5 | 1,1 | 1,8 | 2,9 | 4,1 | 4,7 | 4,1 | 3,8 | 3,6 |
| Инфлација (CPI) - просек на кумулативна основа | 8,3 | -0,8 | 1,6 | 0,5 | 0,8 | 1,1 | 1,6 | 4,1 | 4,4 | 4,4 | 4,3 | 4,2 |
| Базична инфлација (без храна и енергија) | 2,6 | 0,3 | 0,2 | -0,2 | 0,1 | 0,2 | 0,6 | 1,0 | 1,2 | 1,0 | 1,3 | 1,2 |
| Регулирани цени | 9,3 | -1,8 | 11,3 | 12,9 | 11,9 | 9,9 | 10,3 | 7,1 | 6,9 | 6,6 | 6,0 | 6,9 |
| Цени на производители на индустриски п-ди | 10,2 | -7,0 | 8,7 | 7,3 | 10,5 | 8,4 | 8,6 | 13,6 | 11,6 | 10,9 | 9,5 | 11,1 |
| Продуктивност | 1,9 | -4,2 | 0,4 | 0,2 | 2,9 | 1,2 | -2,6 | 0,0 | - | - | - | - |
| Номинална нето-плата* | 10,3 | 9,8 | 3,0 | 3,3 | 2,2 | 2,9 | 3,6 | 1,9 | 1,5 | 3,4 | - | - |
| Реална нето-плата* | 1,9 | 10,8 | 1,4 | 2,8 | 1,1 | 1,1 | 0,7 | -2,1 | -3,1 | -0,7 | - | - |

*За 2009 година податокот е коригиран од структурната промена поради примената на концептот за бруто-плати, кој ги вклучува надоместоците за храна и превоз во платите.

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и НБРМ.

## Табела 3

### НОМИНАЛНА И РЕАЛНА НЕТО-ПЛАТА ПО ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ*

| | 2011 | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 | Кв.2 | апр. | мај | јуни | Кв.1 | Кв.2 | апр. | мај | јуни |
| | *номинални годишни промени во %* | | | | | *реални годишни промени во %* | | | | |
| **Вкупно** | 1.9 | 1.5 | 0.3 | 0.7 | 3.4 | -2.1 | -3.1 | -4.3 | -4.3 | -0.7 |
| ***Земјоделство*** | -1.2 | 3.8 | 2.4 | 3.4 | 5.6 | -5.1 | -0.9 | -2.3 | -1.7 | 1.4 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | -1.2 | 3.8 | 2.4 | 3.4 | 5.6 | -5.1 | -0.9 | -2.3 | -1.7 | 1.4 |
| ***Индустрија*** | 2.2 | 2.9 | 1.9 | 2.6 | 4.1 | -1.8 | -1.8 | -2.7 | -2.5 | 0.0 |
| Рударство и вадење на камен | 7.8 | 3.6 | 4.7 | 0.6 | 5.7 | 3.5 | -1.1 | -0.1 | -4.4 | 1.5 |
| Преработувачка индустрија | 4.4 | 3.9 | 1.4 | 4.1 | 6.1 | 0.3 | -0.8 | -3.2 | -1.0 | 1.9 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | -2.7 | 1.0 | -2.0 | -0.6 | 5.8 | -6.6 | -3.6 | -6.5 | -5.5 | 1.6 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 2.3 | 4.7 | 5.6 | 5.7 | 2.9 | -1.7 | 0.0 | 0.8 | 0.5 | -1.2 |
| Градежништво | 3.5 | 3.0 | 3.4 | 7.8 | -2.1 | -0.6 | -1.7 | -1.3 | 2.5 | -6.0 |
| ***Услуги*** | 3.0 | 5.1 | 4.3 | 2.6 | 8.3 | -1.0 | 0.4 | -0.4 | -2.5 | 4.1 |
| Трговија на големо и трговија на мало;поправка на моторни возила и мотоци | -0.6 | -1.8 | 2.2 | -1.1 | -6.4 | -4.5 | -6.2 | -2.4 | -6.0 | -10.1 |
| Транспорт и складирање | 2.4 | 2.5 | 1.4 | 3.7 | 2.3 | -1.6 | -2.1 | -3.2 | -1.4 | -1.7 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 0.0 | -0.9 | 1.0 | -1.9 | -1.8 | -3.9 | -5.4 | -3.6 | -6.7 | -5.7 |
| Информации и комуникации | 1.2 | 23.8 | 16.2 | 6.6 | 50.5 | -2.8 | 18.3 | 10.8 | 1.3 | 44.6 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 11.0 | 2.4 | -1.1 | 4.2 | 4.4 | 6.6 | -2.2 | -5.7 | -1.0 | 0.3 |
| Дејности во врска со недвижен имот | -4.2 | -1.4 | -0.6 | -5.5 | 2.3 | -8.0 | -5.8 | -5.2 | -10.2 | -1.7 |
| Стручни, научни и технички дејности | 2.8 | 6.0 | 11.7 | 1.3 | 5.4 | -1.2 | 1.2 | 6.6 | -3.7 | 1.2 |
| Административни и помошни услужни дејности | -6.6 | -5.1 | -6.6 | -6.9 | -1.8 | -10.3 | -9.4 | -10.9 | -11.5 | -5.7 |
| Јавна управа и одбрана;задолжително социјано осигурување | -0.2 | -0.8 | -1.5 | -0.7 | -0.2 | -4.1 | -5.2 | -6.0 | -5.6 | -4.1 |
| Образование | 4.2 | -0.5 | -0.7 | -0.5 | -0.4 | 0.1 | -5.0 | -5.2 | -5.4 | -4.3 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | -1.2 | 0.6 | 1.6 | -0.1 | 0.4 | -5.1 | -3.9 | -3.1 | -5.0 | -3.6 |
| Уметност, забава и рекреација | 6.8 | 7.2 | 7.4 | 6.7 | 7.5 | 2.6 | 2.4 | 2.4 | 1.4 | 3.3 |
| Други услужни дејности | 19.0 | 26.5 | 26.4 | 26.8 | 26.3 | 14.3 | 20.8 | 20.6 | 20.5 | 21.3 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

*ДЗС почнувајќи од јануари 2011 година податоците за платите ги објавува според НКД Рев.2. Податоците од новата класификација не се споредливи со расположливите податоци од старата класификација.

## Табела 4

### ИНДУСТРИСКО ПРОИЗВОДСТВО И ОСТАНАТИ ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 | | | | 2011 | | Најнови податоци | | | | кумулатив 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Апр-11 | Мај-11 | Јуни-11 | Јули-11 | |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | |
| Бруто домашен производ | 5.0 | -0.9 | 1.8 | -0.5 | 1.5 | 2.1 | 3.8 | 5.1 | 5.3 | - | - | - | - | 5.2 |
| Индустриско производство | 5.1 | -8.7 | -4.8 | -9.3 | -0.9 | -3.6 | -6.0 | 13.8 | 5.3 | 11.8 | 6.9 | -1.8 | 5.5 | 8.6 |
| Градежништво | 25.6 | 13.7 | 14.9 | 7.6 | -7.4 | 35.9 | 20.3 | 61.8 | 60.0 | 45.5 | 64.6 | 70.2 | - | 60.7 |
| Трговија | 11.8 | -7.4 | 7.3 | 3.9 | 6.1 | 9.0 | 9.5 | 12.4 | 6.9 | 10.0 | 4.3 | 6.6 | - | 9.4 |
| Телекомуникации | 8.9 | 6.6 | 18.3 | 17.3 | 18.8 | 15.9 | 21.2 | 13.2 | 16.6 | 13.5 | 17.2 | 19.1 | - | 15.0 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## Табела 5

### СЕЛЕКТИРАНИ ИНДУСТРИСКИ ДЕЈНОСТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 Кв.1 | 2010 Кв.2 | 2010 Кв.3 | 2010 Кв.4 | 2011 Кв.1 | 2011 Кв.2 | јули.11 промена, % | јули.11 придонес, п.п. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | |
| Рударство и вадење на камен | 9,4 | -12,4 | -3,8 | -6,4 | -0,4 | 5,1 | -12,5 | 7,9 | 14,6 | 2,2 | 0,1 |
| Производство на прехранбени производи | 7,6 | -2,3 | 2,8 | 3,2 | 0,4 | 7,3 | 0,5 | -3,8 | 0,8 | 7,1 | 0,8 |
| Производство на пијалаци | 9,9 | -0,3 | -9,2 | -8,4 | -9,2 | -3,5 | -14,2 | -17,4 | -16,5 | -17,1 | -1,2 |
| Производство на тутунски производи | 1,9 | -3,2 | 19,6 | 15,4 | -14,0 | 29,0 | 66,4 | 1,3 | 43,1 | 32,6 | 2,6 |
| Производство на облека | -20,0 | -11,8 | -4,7 | -5,4 | 1,8 | -10,6 | -3,8 | 35,2 | 26,4 | 6,9 | 0,6 |
| Печатење и продукција на снимени медиуми (записи) | 57,3 | 26,8 | -34,2 | -52,8 | -44,7 | -17,1 | -14,5 | 8,6 | 6,4 | 8,3 | 0,2 |
| Производство на кокс и рафинирани нафтени производи | 1,6 | -8,9 | -6,2 | -46,9 | 14,8 | 19,6 | 14,5 | 43,0 | -46,2 | -9,2 | -0,5 |
| Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати | 25,2 | -13,2 | -2,8 | -4,8 | 4,4 | -6,1 | -4,7 | 11,0 | 5,1 | 8,1 | 0,2 |
| Производство на други неметални минерални производи | -3,0 | -12,1 | -14,2 | -25,8 | -21,8 | -2,1 | -7,8 | 13,1 | 14,5 | 12,1 | 0,8 |
| Производство на метали | -5,3 | -43,0 | 31,8 | 46,4 | 24,2 | 31,4 | 30,0 | 34,0 | 11,1 | 0,9 | 0,1 |
| Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема | 52,0 | 38,8 | -53,5 | -52,7 | 23,3 | -62,4 | -62,5 | 30,8 | -11,0 | -34,4 | -1,7 |
| Производство на електрична опрема | 27,8 | -24,8 | -43,2 | -69,7 | -58,1 | -15,3 | -5,3 | 2,9 пати | 2,9 пати | 3,9 пати | 4,7 |
| Производство на останата опрема за транспорт | -18,4 | -46,4 | 44,5 | 5,5 | 45,4 | 26,9 | 93,8 | 3,6 пати | 79,2 | 2,9 пати | 1,4 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | -3,1 | 8,7 | 14,4 | 19,1 | 38,5 | 6,9 | -3,8 | -3,1 | -21,6 | -18,7 | -2,2 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## Табела 6

### ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ЛИЧНАТА ПОТРОШУВАЧКА

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 Кв.1 | 2010 Кв.2 | 2010 Кв.3 | 2010 Кв.4 | 2011 Кв.1 | 2011 Кв.2 | Најнови податоци Апр-11 | Мај-11 | Јун-11 | Јул-11 | Авг-11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *реални годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | |
| Промет во трговија на мало* | 3,1 | -2,9 | 2,2 | 0,9 | 1,5 | 4,4 | 1,7 | 31,4 | 1,3 | 2,5 | -0,8 | 2,4 | - | - |
| Приходи од ДДВ* | 1,4 | -1,9 | 5,4 | -0,1 | 23,1 | 6,0 | -4,2 | 15,1 | -0,5 | -14,2 | 6,3 | 10,9 | -1,3 | - |
| Увоз на стоки за широка потрошувачка* | 7,9 | -5,3 | 10,1 | 2,4 | 16,2 | 20,3 | 2,3 | 2,1 | -3,6 | -7,6 | 0,8 | -1,9 | -10,4 | - |
| Домашно производство на потрошни добра | 5,8 | -4,6 | -1,8 | -5,8 | -7,5 | 2,5 | 2,7 | 8,2 | 16,4 | 14,6 | 15,2 | 19,0 | 15,1 | - |
| Кредити на население* | 30,1 | 4,5 | 2,3 | -0,2 | 1,4 | 2,3 | 2,3 | 2,5 | 2,3 | 1,9 | 1,8 | 2,8 | 3,8 | 3,9 |
| Просечна нето-плата* | 1,9 | 10,7 | 1,4 | 2,8 | 1,1 | 1,1 | 0,7 | -2,1 | -3,1 | -4,3 | -4,2 | -0,7 | - | - |
| Приватни нето-трансфери* | -12,5 | 16,4 | 22,2 | 112,9 | 33,8 | 4,7 | 1,3 | -7,5 | -12,8 | -12,9 | -10,9 | -14,4 | - | - |
| Пензии* | 8,4 | 9,5 | 1,1 | 2,5 | 2,1 | 0,0 | 0,0 | -0,9 | -0,2 | -0,5 | 0,1 | -0,3 | 0,9 | 1,9 |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

Табела 7

## ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ИНВЕСТИЦИИТЕ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 | | | | 2011 | | Најнови податоци | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Апр-11 | Мај-11 | Јун-11 | Јул-11 | Авг-11 |
| | *реални годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | |
| Увоз на средства за работа* | 22,3 | -6,4 | -14,8 | -35,5 | -12,4 | 1,7 | -9,6 | 8,5 | 13,4 | 20,2 | 34,5 | -9,4 | 2,3 | - |
| Извршени градежни работи* | 16,3 | 14,9 | 12,9 | 7,1 | -8,4 | 33,5 | 17,0 | 55,4 | 52,8 | 38,8 | 56,5 | 63,4 | - | - |
| Домашно производство на капитални производи | -1,0 | -23,1 | -10,8 | -27,7 | -5,9 | -12,7 | 5,1 | 64,5 | 44,7 | 44,8 | 87,1 | 17,5 | - | - |
| Државни капитални инвестиции* | 36,7 | -32,3 | 12,4 | 24,0 | -26,4 | 73,8 | -1,5 | 18,9 | 70,8 | 57,8 | 144,9 | 52,4 | -17,9 | - |
| Странски директни инвестиции* | 3,9 | -22,6 | -21,8 | -62,8 | -82,5 | 26,1 | 384,2 | 597,9 | 30,4 | 1,3 | -0,4 | 185,5 | - | - |
| Долгорочни кредити на претпријатија* | 25,9 | 8,6 | 9,1 | 4,5 | 7,8 | 8,8 | 9,1 | 10,3 | 12,9 | 10,8 | 11,5 | 12,9 | 11,8 | 12,3 |
| Залихи на готови производи | -5,6 | -2,1 | -3,3 | -6,8 | -18,0 | -6,7 | -5,8 | 6,0 | 19,5 | 23,6 | 22,4 | 12,7 | 18,2 | - |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

Табела 8

## БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Централен буџет и буџети на фондови)

| *во милиони денари* | 2010 | | | | Вкупно 2010 | 2011 | | | Јан-Јул 2011 | годишни стапки на промени во 2011 година (во %) | | | процент на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | | Кв.1 | Кв.2 | јули | | Кв.1 | Кв.2 | Јули | Јан-Јули |
| ***ВКУПНИ ПРИХОДИ*** | ***29,521*** | ***32,322*** | ***36,134*** | ***34,173*** | ***132,150*** | ***31,422*** | ***36,042*** | ***11,918*** | ***79,382*** | ***6.4*** | ***11.5*** | ***-17.4*** | ***53.5*** |
| **Даночни приходи и придонеси** | **25,295** | **28,151** | **29,176** | **29,818** | **112,440** | **27,332** | **29,519** | **10,600** | **67,451** | **8.1** | **4.9** | **0.4** | **55.1** |
| Даноци | 16,009 | 18,528 | 19,209 | 19,192 | 72,938 | 18,002 | 19,411 | 7,095 | 44,508 | 12.4 | 4.8 | 1.8 | 56.0 |
| Персонален данок на доход | 2,111 | 2,116 | 2,085 | 2,560 | 8,872 | 2,242 | 2,325 | 781 | 5,348 | 6.2 | 9.9 | 2.0 | 53.3 |
| Данок на добивка | 879 | 623 | 1,154 | 1,034 | 3,690 | 920 | 1,496 | 284 | 2,700 | 4.7 | 140.1 | 21.9 | 74.2 |
| ДДВ | 8,204 | 9,734 | 9,929 | 9,827 | 37,694 | 9,834 | 10,140 | 4,160 | 24,134 | 19.9 | 4.2 | 2.4 | 58.5 |
| Акцизи | 3,140 | 3,542 | 4,304 | 3,939 | 14,925 | 3,423 | 3,687 | 1,273 | 8,383 | 9.0 | 4.1 | -3.2 | 52.7 |
| Увозни давачки | 953 | 1,772 | 903 | 1,084 | 4,712 | 809 | 950 | 304 | 2,063 | -15.1 | -46.4 | -7.0 | 36.2 |
| Други даноци | 722 | 741 | 834 | 748 | 3,045 | 774 | 813 | 293 | 1,880 | 7.2 | 9.7 | 8.5 | 62.7 |
| Придонеси | 9,109 | 9,463 | 9,771 | 10,344 | 38,687 | 9,138 | 9,962 | 3,453 | 22,553 | 0.3 | 5.3 | -2.1 | 53.3 |
| Фонд за ПИОМ | 6,162 | 6,385 | 6,613 | 6,977 | 26,137 | 6,188 | 6,740 | 2,332 | 15,260 | 0.4 | 5.6 | -2.5 | 53.3 |
| Агенција за вработување | 400 | 400 | 412 | 439 | 1,651 | 388 | 425 | 149 | 962 | -3.0 | 6.3 | 0.7 | 54.5 |
| Фонд за здравствено осигурувањ | 2,547 | 2,678 | 2,746 | 2,928 | 10,899 | 2,562 | 2,797 | 972 | 6,331 | 0.6 | 4.4 | -1.4 | 53.0 |
| **Неданочни приходи** | **3,703** | **3,020** | **6,284** | **3,563** | **16,570** | **2,995** | **3,648** | **1,147** | **7,790** | **-19.1** | **20.8** | **-68.2** | **48.5** |
| **Капитални приходи** | **268** | **331** | **227** | **333** | **1,159** | **532** | **2,495** | **31** | **3,058** | **98.5** | **653.8** | **-50.8** | **52.5** |
| **Странски донации** | **201** | **648** | **281** | **329** | **1,459** | **231** | **277** | **101** | **609** | **14.9** | **-57.3** | **-1.9** | **16.1** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **56** | **173** | **166** | **130** | **525** | **332** | **103** | **39** | **474** | **492.9** | **-40.5** | **-56.2** | **118.5** |
| ***ВКУПНИ РАСХОДИ*** | ***33,625*** | ***34,293*** | ***36,644*** | ***38,130*** | ***142,692*** | ***35,147*** | ***40,048*** | ***13,187*** | ***88,382*** | ***4.5*** | ***16.8*** | ***-2.8*** | ***55.2*** |
| **Тековни трошоци** | **30,396** | **31,563** | **31,703** | **33,696** | **127,358** | **31,151** | **35,166** | **11,317** | **77,634** | **2.5** | **11.4** | **-0.5** | **56.8** |
| Плати и надоместоци | 5,751 | 5,636 | 5,588 | 5,663 | 22,638 | 5,755 | 5,773 | 1,950 | 13,478 | 0.1 | 2.4 | 3.7 | 57.8 |
| Стоки и услуги | 3,728 | 3,179 | 3,785 | 3,989 | 14,681 | 3,515 | 3,718 | 1,110 | 8,343 | -5.7 | 17.0 | -15.7 | 48.4 |
| Трансфери | 20,687 | 22,086 | 20,960 | 23,132 | 86,865 | 21,523 | 24,938 | 7,067 | 53,528 | 4.0 | 12.9 | 1.2 | 57.6 |
| Социјални трансфери | *15,620* | 15,931 | 16,079 | 16,156 | 63,786 | 15,931 | 17,203 | 5,575 | 38,709 | 2.0 | 8.0 | 3.0 | 57.4 |
| Други трансфери | 4,794 | 5,829 | 4,502 | 6,718 | 21,843 | 5,419 | 7,524 | 1,428 | 14,371 | 13.0 | 29.1 | -4.3 | 58.6 |
| Каматни плаќања | 231 | 661 | 1,370 | 912 | 3,174 | 358 | 737 | 1,190 | 2,285 | 55.0 | 11.5 | -0.3 | 71.0 |
| Камати по домашен долг | 99 | 464 | 185 | 271 | 1,019 | 196 | 444 | 75 | 715 | 98.0 | -4.3 | -8.5 | 70.9 |
| Камати по надворешен долг | 131 | 198 | 1,185 | 641 | 2,155 | 162 | 293 | 1,115 | 1,570 | 23.7 | 48.0 | 0.4 | 71.0 |
| **Капитални трошоци** | **3,229** | **2,730** | **4,941** | **4,434** | **15,334** | **3,996** | **4,882** | **1,870** | **10,748** | **23.8** | **78.8** | **-14.8** | **46.0** |
| Инвестиции во постојани средства | 2,387 | 1,816 | 3,623 | 3,301 | 11,127 | 3,358 | 3,793 | 1,486 | 8,637 | 40.7 | 108.9 | -7.6 | 46.1 |
